STAR - STAR

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Public Health Program
Sexual Health and Rights Project (SHARP)

# 17-ТИ ДЕКЕМВРИ, МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ



# ОД НАС ЗА НАС

Списание направено од сексуалните работници
за сексуалните работници

**Декември 2010**

# 17-ТИ ДЕКЕМВРИ,МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Овој декемвриски број на нашето списание го посветуваме токму во гласот на сексуалните работници 17-ти Декември, Меѓународен ден кога илјданици сексуални работници и нивни поддржувачи маршираат по улиците, и преку свои активности и пренесуваат порака на јавноста со цел да се спречи насилството кое што секојдневно се врши врз сексуалните работници. Ниту едно насилство не смее да заврши со молк!!!
Четврта година по ред, здружението за поддршка на маргинализирани професии СТАР-СТАР од Скопје, заедно со своите поддржувачи и активисти спроведуваат конкретни активности, вклучувајќи ги сите сексуални работници во одбележувањето на овој ден. Во оваа акција сте вклучени сите вие! Четврта година по ред ќе ги отвориме црвените чадори и ќе пренесема јасна порака до јавноста и сите оние од кои што сексуалните работници се омаловажувани, малтретирани и дискриминирани. Стоп за насилството врз сексуалните работници!!!





## Зошто делиме црвени чадори и кој го користи црвениот чадор?

Црвениот чадор за прв пат беше искористен од сексуалните работници и сојузниците во Венеција, Италија во 2001 година. Така наречениот прв светски конгрес на сексуални работници беше уметничка инсталација на Словенскиот уметник Тадеј Погачар, ставена во рамките на 49-тото Венециско биенале помеѓу 6-ти и 8-ми Јуни во 2001 година. Организирани на јавен простор под шатор во “Павиљон на проститутките”. Настанот имаше група учесници и индивидуалци од Тајван, Тајланд, Кембоџа, Виетнам, Италија, Германија, Соединетите Американси држави и Австралија. Тие ја презентираа ситуацијата на пазарот и дискутираа за стратегија во борбата за човекови права на сексуалните работници. Тие организираа видео проекции, изложби, перформанси, уличен театар од активисти, и дистрибуираа печатени материјали.
Една од активностите беше маршот на црвениот чадор. Сексуалните работници маршираа низ улиците на Венеција и користеа мегафони и црвени чадори, со што укажуваа на лошите услови за работа и злоупотребата на човековите права со кои тие се соочуваат. Маршот започна пред шаторот на павиљонот движејќи се кон центарот на градот. Рутата на маршот ја инкорпорираше географијата на општествената историја на сексуалните работници, започнувајќи од познатите Венецијански куртизани како Вероника Франко и Гаспара Стампа па се до денес. Во 2005 година Меѓународниот комитет за правата на сексуалните работници (МКПСР) го усвои црвениот чадор како симбол за отпорот против дискриминацијата. Иницијативата беше поздравена од заедницата и од група сексуални работници. Црвената е боја на убавината, а чадорот го претставува отпорот против небесните и човековите напади. Тоа ја симболизира заштитата на сексуалните работници од злоупотребата на полицијата, макроата, клиентите, како и општеството кое нема знаење и е пристрасно. Сите знаат што значи црвената панделка. Црвениот чадор би можел да го има истото глобално влијание!

## Зошто токму на 17-ти Декември и што значи овој ден?




17-ти Декември е Интернационален ден за крај на насилството врз сексуалните работници. Овој настан беше организиран со цел да се обрне внимание на криминалните дејства кои се вршат врз сексуалните работници низ целиот свет. Настанот е идеја на д-р Ени Спринкл, а започнат од проектот за разбирање на сексуалните работници во САД како спомен и бдеење за жртвите на убиецот од Грин Ривер во Сиетл, Вашингтон.
“Сакав да убијам колку што можев повеќе. Знаев дека никој нема веднаш да ги пријави за исчезнати, па дури можеби и никогаш нема да бидат пријавени. Собирав проститутки затоа

што мислев дека можам да убијам колку што сакам од нив без да бидам фатен". Гери Лајон Ридвеј беше осуден на 48 доживотни казни затвор и му беше изречена казна во висина од 10.000 долари за секоја убиена жртва на 18-ти Декември 2003 година. Нееднаквата законска заштита е она што дозволува проститутките да им бидат робови на макроата, да бидат тепани, силувани и убивани. Доколку се декриминилизираат, сексуалните работници би биле заштитени од криминалците како и секој друг граѓанин. Дополнително, огромни средства од јавните приходи се трошат на спроведување сексуален криминал кој интимно се случува, а за кој учесниците се согласни и нема никакви жртви. Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници ги охрабри работниците од целиот свет да се здружат и да се организираат против дискриминацијата и да се потсетат на жртвите од насилството. Во текот на календарската недела во која се паѓа 17-ти декември, организациите кои се борат за правата на сексуалните работници ќе превземат акција и ќе бдеат за да ја подигнат свеста за насилството кое често се извршува врз сексуалните работници. Нападите, тепањето, силувањето и убиствата на сексуалните работници мора да запре. Постоечките закони не им овозможуваат на сексуалните работници да го пријават насилството врз нив. Стигмата и дискриминацијата кои се производ на прохибицискитезакони го направи насилството прифатливо за нас. **Ве молиме придружете им се на сексуалните работници низ целиот свет и застанете против криминализацијата и насилството врз сексуалните работници!**





# Македонија е транзитна земја и крајна дестинација на трговијата со жени за присилна проституција

И во овој објавен извешај превземен од "Гласот на Америка на Македонски јазик" Македонија ја носи етикетата на транзитна земја и земја на крајна дестинација кога се зборува за трговијата со жени и девојчиња за присилна проституција, особено во туристичките области на Охрид и Струга, и градовите со мнозинство албанско население, Тетово и Гостивар. Од регионот на последните два града било практично невозможно да се дојде до официјални податоци. Во Македонија жените се внесуваат законски или незаконски од Србија и Бугарија, а се изнесуваат од земјата преку Дојран и Гевгелија во Грција, или преку Струга во Албанија. Со ваква трговија се занимаваат мрежи на организираниот криминал кои оперираат на Балканот, а кои инаку се инволвирани и во трговијата со дрога и оружје. Меѓутоа, криминалниот бизнис опаднал за време на кризата во Македонија, така како што вели извештајот многу барови за проституција биле затворени, а ресурсите пренасочени кон трговијата со оружје.



Податок собран од различни извори е дека во Македонија се присутни помеѓу 1500 и 2000 жртви на трговија со луѓе и присилна проституција. Селото Велешта во близина на Албанската граница е добро познато по присилна проституција меѓутоа полицијата не превзема некоја посериозна акција, се вели во извештајот. За успешно справување со илегалната трговија со луѓе во Македонија, проблем се и законите. Имено, според извештајот полицијата сеуште ги смета жртвите за сторители , третирајки ги како проститутки а многубројни непрофитни организации сеуште работат на кампањи за заштита и помош на овие жени. Македонија ги има потпишано, но не и ратификувано Протоколите од Палермо против трговијата со луѓе. Проституцијата во земјава е нелегална, мегутоа не и медијаторството.

Трговијата со луѓе може да се подведе под повеќе одредби од постојните закони. Специфичен закон, или член во законот не постои, што за изработувачите на овој извештај е доказ дека прометот со луѓе не е криминилизирана дејност. Според податоците од Републичкото Јавно Обвинителство, подведени под други применливи основи, меѓу 1995 и 2001 година биле уапсени 147 лица. Меѓутоа досега се завршени замо 30 случаи. Единствениот позитивен пример за ангажирање на Владата во заштита на жртвите на трговија со луѓе е отварање на засолниште под надзор на Министерството за внатрешни работи во Март 2001 година, со капацитет за 20 до 30 лица.

# Манифест на сексуалните работници

Манифестот на сексуалните работници е создаден и прифатен од 120 сексуални работници од 26 земји. Доаѓаме од многу различни земји, од различни опкружувања, но откривме дека се соочуваме со исите проблеми на работа и во секојдневниот живот. Живееме во општество во кое се продаваат и купуваат различни услуги. Сексуалната работа е една од тие услуги. Таа не треба да криминализира. Како граѓани на ова општество имаме потполно право да ги уживаме сите права кои ни ги носи законот.




Имаме право да побараме или кажеме:

**-жртвувањето на сексуалните работници од религиозни или морални причини е неприфатливо**
**-да го осудиме лицемерието во нашите општества каде нашите услуги се користат, но нашата професија се смета за нелегална**
**-да побараме сексуалните работници да бидат заштитени со законите против дискриминацијата**
**-да го побараме правото за можеме да ги пријавиме злоставувањата против нас, без притоа да сме цел на одмазда**
**-да побараме заштита од оние кои им се закануваат нам и на нашите семејства и нивно разоткривање**
**-да покажеме дека не сме потенцијални преносители на полово преносливи инфекции**
**-да побараме да се отфрли митот дека сме валкани и нечисти**
**-да побараме крај на законите кои не криминализираат нас и они со кои работиме, нашите клиенти и нашите семејства**

Да не молчиме!

Да го побараме она на кое што сите имаат право.
Кога? 17-ти Декември Меѓународен ден за борба против насилството врз сексуалните работници!!!



# Сексуални и здравствени права на сексуалните работници во Р. Македонија

Прашањата за сексуалната работа и сексуалните работници во Република Македонија не се уредени. Самиот факт што единствениот термин што се среќава во националното законодавство и законот за прекршоците против јавниот ред и мир е “проституцијата”, како и поместувањето на одредбите во врска со проституцијата во законите со кои се санкционираат дејствија, говори за односот на општеството кон ова прашање. Сексуалната работа во Р. Македонија не се признава како дејност. Што е она на кое што треба да работиме сите заедно вклучувајќи ги и сексуалните работници за да заштитиме нечии права. Живееме во општество каде што се купуваат и продаваат различни услуги. Сексуалната работа е една од тие услуги.
Со заеднички кампање треба заеднички да се избориме таа да не се криминилизира. Треба заеднички да го осудиме лицемерието во нашето општество, каде што сексуалните услуги секојдневно се користат, а сепак оваа професија се смета за нелегална. Да го побараме правото за нивните тела како човечки суштества, исто така тие да можат да го пријавуваат насилството, силувањето кое секојдневно го трпат, а притоа да не бидат цел на одмазда. Придружете ни се сите на овогодинешната кампања по повод 17-ти Декември, кога сите заедно и едногласно ќе застанеме во одбрана на правата на сексуалните работници, и еднослaсно да кажеме “стоп за насилството врз сексуалните работници”. Сексуалните работници имаат права!

-Право на нивните тела
-Право на слобода
-Да се престане со злоупотреба на сексуалните работници
-Право на приватност и семејство
-Безбедност на работните места
-Ги има многу, не се само тие што ги гледаме на улица
-Сексуалните работници не се оние кои што ја шират сидата, иако повеќето сметаат дека токму тие се виновниците за тоа



# Како е регулирана сексуалната работа во светот и како се испочитувани човековите права на сексуалните работници

Во овој дел од рубриката ќе можете да прочитате какви права имаат сексуалните работници во светот. И таму каде што проституцијата е легална сепак работите не се сјајни. Сексуалните работници мораат да ги почитуваат и подмируваат сите мерки кои им ги налага законот.

Во Австрија, сексуалните работници подлежат на задолжителна сексуално здравствена контрола, но не и останатите граѓани, со што се поттикнува слика за сексуалните работници како за нечисти и валкани, и се прекршува принципот на недискриминација.

Во Финска, на сексуалните работници им е законски забрането да работат заедно заради нивна заштита, а доколку работат заедно можат да се соочат со обвинение за подведување, со што им се прекршуваат правата за мирно собирање и поврзување.

Во Франција, дете на сексуален работник откако ќе стане полнолетно, може да биде казнето затоа што живее од заработувачката на сексуален работник, со што на сексуалните работници им се прекршува правото на почит и заштита на нивниот приватен и семеен живот и слобода од произволно мешање во него.

Во Грција, каде сексуалната работа е законска и сексуалните работници се регистрирани, сексуалните работници не смеат да стапуваат во брак. Доколку дојде до тоа, не им е дозволено да продолжат легално да се баваат со истата професија и ја губат дозволата за работа. Тие се затоа приморани да бираат помеѓу правото на стапување во брак и основање семејство и правото на работа и заработувачка.

Во Италија, полицијата неказнето ги конфискува и фрла или пали предметите во сопственост на сексуалните работници, и на тој начин им го прекршува правото на сопственост и обврската на државата за ефективна заштита по однос на нивното право на сопственост, како и на еднаква заштита пред законот и против дискриминацијата.

Во Холандија, каде сексуалната работа е прифаќа како легална професија, сексуалните работници – мигранти се единствената категорија на вработени која е исклучена од добивање правни дозволи. На тој начин се прикршува нивното право на недискриминација, затоа што за сите други типови на професии мигрантите можат да добијат легална работна дозвола, доколку условите дадени со законот за работници – мигранти се исполнети.



Во Португалија (и многу други земји), сексуалните работници губат старателство врз своите деца, преку социјалните центри или семејните судови, единствено поради својата професија а не врз основа на некој конкретен доказ за нанесена штета или неспособност на родителот, со што се прекршува правото за слобода од произволно (неосновано) мешање во нивниот семеен живот и недискриминација.

Во Романија, каде сексуалната работа е незаконска, владата им забрани на своите граѓани да се бават со сексуална работа. Како резултат од притисокот на Романската влада, Австриската влада ги укина дозволите на Романските сексуални работници кои легално работеле во Австрија, па така сега тие можат да се соочат со казнување по своето враќање, со што им се прекршува правото на барање платена работа во нематичната земја.

Во Русија, полицијата им се заканува на сексуалните работници дека можат да бидат продадени како робови или ги присилува на бсплатен секс, на тој начин прекршувајќи ја обврската на државата за создавање ефективни лекови за заштита на правото на сексуалните работници за безбедност на личноста и еднаквата заштита пред законот.

Во Шпанија, од сексуалните работници во борделите се бара да се подвргнуваат но и плаќаат преголеми надоместоци, за сексуални здравствени проверки од страна на сопствениците. Резултатите од нивните тестови не се третираат доверливо. Државата не успева да им даде ефективна заштита на нивното право на приватност, здравје, и од прекршување на медицинските кодови за работа.

Во Велика Британија, каде уличните сексуални работници се криминализираат се употребуваат таканаречените наредби против асоцијално однесување за да им се ограничи слободата на движење, а во некои градови се печатат и се дистрибуираат по заедницата имиња со слики на сексуални работници, со што се прекршува нивното право на приватност и можност за учество во јавниот живот, а исто така сексуалните работници се изложуваат на дискриминација и насилство.



# Правото е еднакво, но може различно да се толкува. 10 бесмислици за сексуалната работа на кои посочија сексуалните работници

*1. Бесмислено е да се негира дека сексуалната работа е работа!*
*2. Бесмислено е да се негира дека сексуалната работа е услужна дејност!*
*3. Бесмислено е да се обезвреднува сексуалната работа како професија!*
*4. Бесмислено е криминализирањето на сексуалната работа во услови на легална порнографија!*
*5. Бесмислено е да се криминализира сексуалната работа, при толку легални сексуални индустрии!*
*6. Бесмислена е борбата против проституцијата како општествено зло и патолошка појава!*
*7. Бесмислена е борбата против експлоатацијата на проститутките!*
*8. Бесмислено е да се поистоветува сексуалната работа со трговија со луѓе!*
*9. Бесмислено е да се оцрнува илегалната сексуална работа како како легло на заразни болести!*
*10. Бесмислено е да се жигосуваат сексуалните работници и да се негираат нивните права!*



## Воjна проституција

Секс – туризмот, еден вид сексуална трговија со жени е во растечка форма согласно потребите и задоволствата на мажите кои патуваат. Постојат многу туристички агенции во земјите на богатите каде што рекламираат “Тури за возрасни” нудејќи жени од Филипините и Тајланд. Меѓународните туристички агенции, хотели и авио компании ги спојуваат сиромашните жени со богатите мажи. Стравувајќи да не бидат инфицирани со ХИВ инфекцијата, богатите мажи најчесто бараат помлади девојки, затоа што мислат дека така е помала веројатноста да се заразат со смртоносниот вирус. Во Србија веќе постои туристичка агенција која организира деловни состаноци со придружба. Ова, сега засега се однесува на патување внатре во земјата.





## Насилство на макроата

Макроата најчесто ги контролираат и искористуваат жените во проституцијата, најчесто одземајќи им ги сите пари кои ги заработиле. Мал број на жени имаат право да ги задржат парите кои ги заработиле. Газдите на бордели и останатите мажи кои ги контролираат најчесто им одземаат се. За сите мажи проституцијата е форма на економска експлоатација. Тие заработуваат продавајќи човечки тела. Најчестото искуство кое го доживуваат сексуалните работници, е насилството кое го доживуваат од страна на мажите кои ги купуваат, и макроата кои ги контролираат. Во своето десет годишно работење, советувалиштето за Алтернативна Проституција во Потрланд, им помогнало на многу жени да ја напуштат проституцијата.

